**ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ**

**NEWS AND INFORAMTIONS**

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 3 ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

*Маја ФИЛИПОВСКА*

Институт за дефектологија

Примено: 20.12.2017
Прифатено: 27.11.2017

Институт за дефектологија при Филозофски факултет во Скопје традиционално секоја година го одбележува 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со инвалидност. По тој повод на 1.12.2017 година во свечената сала на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се одржа тркалезна маса на тема „Трансформација кон одржливо и флексибилно општество“, согласно официјалната оваогодишна тема на Организацијата на Обединетите нации. Во фокусот беше иднината на лицата со инвалидност корисници на установите од областа на социјална заштита и посебните основни и средни училишта и трансформацијата на овие институции кои несомнено мора да ги следат современите текови. Учесници на тркалезната маса беа сите чинители во процесот на трансформацијата (претставници од Министерсво за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, претставници од посебните училишта и заводите и сите државни институции).

Традиционално секоја година во рамки на одбележувањето на овој ден Фондацијата „Проф. д-р Љупчо Ајдински“ доделува награда за посебни достигнување од областа на дефектолошката теорија и практика. И годинава проф. Љупчо Ајдински, истакнат професор во пензија и хуманист, додели признанија за највисоко рангиран студент при уписот на Институт за дефектологија, дипломиран специјален едукатор и рехабилитатор со највисок просек од тековната година, како

# CELEBRATION OF DECEMBER 3RD – THE INTERNATIONAL DAY OF PERSONS WITH DISABILITIES

*Maja FILIPOVSKA*

Institute of special edukaction and rehabilitation

Recived: 20.12.2017
Accepted: 27.11.2017

The Institute of special education and rehabilitation at the Faculty of philosophy in Skopje every year celebrates December 3rd, the International Day of Persons with Disabilities. On that occasion, on 1.12.2017 at the Rectorat of the University “Ss. Cyril and Methodius” was held a round table with the main topic “Transformation towards sustainable and resilient society for all”, according to this year’s official theme of the UN organization. The main focus was put on the future of the persons with disabilities as users of the institutions in the field of social protection and special elementary and secondary schools and transformation of these institutions which should be following the current trends. Participants on the round table were all relevant stakeholders in the process of transformation (representatives from the Ministry of labor and social policy, Ministry of education and science, representatives from special schools and other relevant state institutions).

Traditionally every year, within the celebration, the foundation “Prof. d-r Lupco Ajdinski” gives a special achievement award in the field of special education and rehabilitation theory and practice. This year as well, Ljupco Ajdinki, PhD, prominent retired professor and humanist, awarded honors for the highest-ranking student at the Institute of Special Education and Rehabilitation, graduated special educator and rehabilitator with the highest average of the current year, as well as two awards for the greatest contribution in the country and the region.


JOURNAL OF SPECIAL EDUCATION AND REHABILITATION 2018; 19(1-2):164-165
DOI: 364.694-056.26(497.711)(062)

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

и две признанија за наголем придонес во земјава и регионот.

Покрај организацијата на тркалезната маса, на 3.12.2017 година, Институтот за дефектологија го одбележа Меѓународниот ден на лицата со инвалидност и со организација на работилница „Даруваме од срце“ за изработка на новогодишни честитки. Собраните средства од овој настан беа донирани за младинците од Заводот за рехабилитација на деца и младинци Скопје за да можат да го оплеменат својот нов дом.

Besides the organization of the round table, on 3.12.2017, the Institute of Special Education and Rehabilitation celebrated the International Day of Persons with Disabilities by organizing a workshop “Donate from the heart” for preparation of New Year's cards. The collected funds from this event were donated to the youth from the Institute for Rehabilitation of Children and Youth in Skopje so that they can furnish their new home.


DOI: 364.694-056.26(497.711)(062)